# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

**Службен весник на РМ, бр. 102 од 18.08.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за агенциите за привремени вработувања ("Службен весник на Република Македонија" број 49/2006), насловот на Главата IV "КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ" се менува и гласи: "ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ".

**Член 2**

Во членот 18 став 2 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на агенцијата за привремени вработувања, ако:".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во агенцијата за привремени вработувања."

**Член 3**

Во членот 19 зборовите: "Со парична казна од 100.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на".

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место за прекршокот на работодавачот од ставот 1 на овој член.

Покана за плаќање на глобата од ставот 2 на овој член на сторителот на прекршокот ќе му врачи инспекторот на трудот на местото на прекршокот."

**Член 4**

По членот 19 се додава нов член 19-а, кој гласи:

"Член 19- а

Ако инспекторот на трудот утврди дека е сторен прекршок од членовите 18 и 19 на овој закон, е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

За прекршоците од членовите 18 и 19 на овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд."

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".